# Службен гласник

## на Општина Струмица

Број 12 | **Понеделник , 01 септември 2014 год.**

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

### Градоначалник на општина Струмица

Р.б Стр.

**323.** **Правилник** за формата и содржината на образецот на легитимацијата на општинскиот комунален инспектор и начинот на нејзино одземање ............................ 2

**324.** **Образец – Легитимација** на општински комунален инспектор ... 3

### Совет на општина Струмица

**325.** **Одлука** за донесување на Деталн урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 – 2017……………………………. 3

**326.** **Одлука** за донесување на Детален урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 – 2018.......................... 4

**327.** **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 5059 КО Струмица ........................................ 5

**328.** **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 5738/1 КО Струмица .................................. 6

**329.** **Одлука** за отпис и расходување на основно средство – автобус .......... 6

**330.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на територијата на општина Струмица за периодот 01.01 – 30.06.2014 година ............................................ 7

**331.** **Заклучок** за давање согласност на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за прифаќање на поголем број на деца ............................................. 8

**332.** **Заклучок** за предлагање на Одлука за именување на улици на подрачјето на општина Струмица ... 8

**323.**

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012) Градоначалникот на општина Струмица , донесе

**Правилник**
**за формата и содржината на образецот на легитимацијата на општинскиот комунален инспектор и начинот на нејзино одземање**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата на општинскиот комунален инспектор и начинот на нејзино издавање и одземање.

Член 2

Легитимацијата на општинскиот комунален инспектор се издава на образец кој е даден во прилог и кој е составен дел на овој правилник.

Образецот на легитимацијата од став 1 на овој член е во правоаголна форма изработен на хамер хартија во бела боја со димензии 15х11 см. сместен во дводелен кожен превез во зелена боја.

На предната страна од корицата на легитимацијата во горниот дел со златно жолта боја е втиснат грбот на Општина Струмица, под него Општински комунален инспектор, а во средината текст: Легитимација на општински комунален инспектор.

На внатрешната лева страна од образецот е отпечатен текст: Општина Струмица, под него Општински комунален инспектор, место за фотографија со димензии 2,5 х 3,5 см., име и презиме на општинскиот комунален инспектор, потпис на инспекторот, регистерски број на легитимацијата, датум на издавање, потпис на Градоначалникот на општина Струмица и место за печат.

На внатрешната лева страна од образецот отпечатен е текст: Општинскиот комунален инспектор врши инспекцијски надзор согласно член 34 од Законот за комунални дејности.

Член 3

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има својство на комунален инспектор.

Општинскиот комунален инспектор по престанувањето на службеното својство на комунален инспектор ја враќа легитимацијата.

Член 4

Во случај на губење на легитимацијата, општинскиот комунален инспектор во рок од три дена го известува градоначалникот, а кој по огласувањето за неважечка му издава нова легитинација.

Легитимацијата се заменува со нова и во случај кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива како и во случај кога има промена во личните податоци на општинскиот комунален инспектор.

Легитимацијата која се заменува со нова, се поништува.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08- 5607/1
22.08.2014 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Зоран Заев с.р.

....................................

**324.**
**Образец – Легитимација на општински комунален инспектор**

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА СТРУМИЦА**<br>**Општински комунален инспектор**<br><br>**ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР** | |

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА СТРУМИЦА**<br>**Општински комунален инспектор**<br><br>Фотографија 2,5х3,5 см<br><br>( име и презиме)<br><br>( потпис на инспекторот)<br><br>Регистерски број Датум на издавање<br><br>Градоначалник на општина Струмица МП | Општинскиот комунален инспектор врши инспекцијски надзор согласно член 34 од Законот за комунални дејности |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Деталeн урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5731/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**325.**
Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина

Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017.

Член 2

Деталниот урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017, е со површина од 25,20 ха и со граничен опфат:

- Од север осовински со ул. „Гоце Делчев“;
- Од исток осовински со ул. „Бр.1“, планирана по ГУП на град Струмица; и
- Од југ осовински со ул. „Бр. 8“, планирана по ГУП на град Струмица.
- Од запад осовински со ул. бр. 9“, планирана по ГУП на град Струмица.

Член 3

Деталниот урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017 е изработен од Друштвото за проектирање „Визура“ дооел - Струмица со техн. број 1220/12 и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за Блок 18, УЕ 2, општина Струмица, плански период 2012 - 2017, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот-ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”. -

Бр.07-5731/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5732/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**326.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018**

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018.

Член 2

Деталниот урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018, е со површина од 1,30 ха и со граничен опфат:

Од север со осовина на ул. „Бр. 15“ (собирна улица) по ГУП и по станбена улица од ДУП;

Од југ со осовина на ул.„Бр. 13“ (сервисна улица) по ГУП, и

Од запад со осовина на новопланирана станбена улица - крак.

Член 3

Деталниот урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018 е изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. „Урбан“ доо - Штип со техн. број 163/12 и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план за дел од Блок 35, општина Струмица, плански период 2013 - 2018, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.07-5732/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у и ц а Јосиф Христов

...............................................
.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 5059 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 5059 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5733/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**327.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 5059 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за утврдување правен сатус на бесправен објект, помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 5059 КО Струмица во сопственост на Стојанчо Велков од Струмица.

Според ДУП за блок бр. 7, објектот на КП бр. 5059 КО Струмица се наоѓа во зона со намена домување, а со дел навлегува во траса на проектирана сообраќајна инфраструктура, на земјиште сопственост на Стојанчо Велков.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-5733/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 5738/1 КО Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 5738/1 КО Струмица, донесена на седницатана Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5734/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**328.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните об јекти во урбанистичката планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за КП бр. 5738/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 5738/1 КО Струмица, во сопственост на лицето Јордана Костова од Струмица.

Објектот, станбена куќа, на КП бр. 5738/1 КО Струмица, според ДУП за Блок бр.22, се наоѓа во зона за домување, но зафака површина на 2 (две) градежни парцели, на земјиште сопственост на Јордана Костова.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-5734/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за отпис и расходување на основно средство - автобус

1. Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основно средство - автобус, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5735/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**329.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за отпис и расходување на основно средство - автобус**

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основно средство – автобус, со следните податоци:

- Број на шасија: 14633
- Број на мотор: 144181
- Марка: FAP
- Тип: SANOS 115
- Година на производство: 1985
- Сила на мотор: 155 KW
- Работна зафатнина на моторот: - $cm^3$
- Маса на празно возило: 6900 kg
- Места за седење: 31
- Места за стоење: 85
- Боја на каросерија: 75 црвена и 01 бела

Член 2

Отпишувањето и расходувањето на основното средство - автобус ќе го изврши Комисијата за вршење на отпис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Струмица, составена од 5 (пет) члена, именувана од Градоначалникот на општина Струмица.

Член 3

Комисијата за вршење на отпис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Струмица, ќе

изврши увид во фактичката состојба на основното средство - автобус.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со отпишаното и расходуваното основно средство - автобус (дали истото да се оттуѓи по пат на продажба, се употреби за друга намена или да се уништи).

За својата работа, Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на општина Струмица.

Член 4

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи:

- право на евидентирање на паричната вредност која би се стекнала со евентуална продажба на основното средство или општината ќе го употребува за друга намена за свои потреби, во Буџетот на општина Струмица, и

- право на отпишување на утврдената вредност на основното средство ако се уништи, од Буџетот на општина Струмица.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-5735/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на територијата на општина Струмица за периодот 01.01 – 30.06.2014 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на територијата на општина Струмица за периодот 01.01 – 30.06.2014 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5736/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**330.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12 и 41/14), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на територијата на општина Струмица за периодот 01.01 – 30.06.2014 година**

1. Се усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на територијата на општина Струмица за периодот 01.01 – 30.06.2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.07-5736/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

..................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица за прифаќање на поголем број на деца

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица за прифаќање на поголем број на деца, донесен на

седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5737/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**331.**

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14 и 44/14), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица за прифаќање на поголем број на деца**

1. Се дава согласност на барањето на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, за прифаќање на поголем број на деца во клоновите на градинката, бр. 03-428 од 11.08.2014 година.

2. Стручните органи во градинката, при прифаќањето на поголем број деца во одделни клонови и воспитно - згрижувачки групи на деца, да водат сметка, со зголемениот опфат на деца, да не се нарушат општите стандарди и нормативи за згрижување на децата во детските градинки пропишани со Законот за заштита на децата и правилниците за стандардите и нормативите за вршење на дејноста во детските градинки.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.07-5737/1Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

............................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за предлагање на Одлука за именување на улици на подрачјето на општина Струмица**

1. Се објавува Заклучокот за предлагање на Одлука за именување на улици на подрачјето на општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.08.2014 година.

Бр. 08-5738/2 Општина Струмица
01.09.2014 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**332.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03 и 2/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.08.2014 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за предлагање на Одлука за именување на улици на подрачјето на општина Струмица**

1.Се задолжува администрацијата на Општина Струмица, за една од наредните седници на Советот на општина Струмица, во текот на месец септември, односно најдоцна во текот на месец октомври 2014 година, до Советот на општина Струмица да достави точка на дневен ред:

- Предлог - Одлука за именување на улици на подрачјето на општина Струмица.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.07-5738/1 Совет на општина Струмица
29.08.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.